Врз основа на член 62 став (1) а во врска со член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), точка 5 од Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22, 12/23 и 16/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и четвртата седница одржана на 28 ноември 2023 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРСТЕ П. МИСИРКОВ
СКОПЈЕ
Примено: 04.12.2023
Орг. Един. 02 | Број 70811 | Прилог: | Вредност:

# ОДЛУКА

## ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА УЧЕНИЧКИ УНИФОРМИ ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Со оваа одлука се воведуваат во употреба ученичките униформи од I (прво) до IX (деветто) одделение во 11 (единаесет) општински основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, обезбедени со средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година - Програма за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година.

**Член 2**

Носењето на ученичките униформи е задолжително за сите ученици во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Распределбата на ученичките униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба од членот 1 од оваа одлука за учебната 2023/2024 година и секоја наредна учебна година ќе се врши со посебна одлука донесена од Советот на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Одлуката да се достави до општинските основни учлилишта.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-8732/11**
**од 28 ноември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

CamScanner